# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ
## METEOSPASMYL® (МЕТЕОСПАЗМИЛ) капсула, мека
alverine, simeticone

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.

**Упатството содржи:**

1. Што претставува лекот Meteosplasmyl® и за што се употребува?
2. Што мора да знаете пред да го употребите лекот Meteosplasmyl®
3. Како да се употребува лекот Meteosplasmyl®
4. Можни несакани дејства
5. Чување на лекот Meteosplasmyl®
6. Дополнителни информации


## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЛЕКОТ METEOSPLASMYL® И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА?
IBS - иритативните цревни пореметувања ги карактеризираат три главни симптоми:
- проблеми со празнењето на цревата (запек или мека столица), надуеност на стомакот и болки во стомакот.

Meteosplasmyl® содржи две активни компоненти - алверин цитрат и симетикон, кои со својата заедничка активност го одстрануваат спазмот, ја намалуваат осетливоста и надуеноста на стомакот. Со неговото дејство се одстрануваат симптомите на цревната дисфункција.

**Како лекот Meteosplasmyl® делува?**
Алверинот е модулатор на калциумовите канали и антагонист на серотонинските рецептори (5ХТ1А), а симетиконот ги редуцира гасовите тако што со своето дејство ги одстранува симптомите на цревната дисфункција.

**Кога се употребува лекот Meteosplasmyl®?**
Овој лек се препорачува за третман на симптомите при болно варење со гастроинтестинална дистензија.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ ЛЕКОТ METEOSPLASMYL®?
*Ве молиме, предупредете го Вашиот лекар доколку земате некои други лекови, доколку имате некое хронично заболување, некакво пореметување на метаболизмот, доколку сте чуствителни на некои медицински производи, или сте имале алергиски ракции на некои од нив.*

**Кога не смеете да го земате овој лек?**
При присуство на алергија или неподносливост на алверинот како и другите супстанции на лекот.

**Предупредувања и мерки на внимателност**
Нема.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Примена при бременост и доење**
*Пред да почнете да го земате овој лек, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.*

*Примена во период на бременост*
Не постојат податоци за тератогеното дејство кај животните. Клинички, не се приметени малформативни и фетотоксични ефекти. Но, заради недоволно податоци за ризикот од употреба за време на бременост, употребата на алверинот не се препорачува.

*Примена во период на доење*
Алверинот не се препорачува за време на доење, заради недостаток на податоци за присуството на супстанцата во мајчиното млеко.

**Влијание на лекот на психофизичките способности при управување со моторни возила и машини**
Лекот не влијае на психофизичките способности при управување со моторни возила и машини.

**Што треба да знаете за помошните супстанции кои се содржани во лекот**
Содржи како помошни супстанции: желатин, глицерол и титаниум диоксид (Е171).

**На што треба да внимавате ако земате други лекови**
*Ве молиме имајте во предвид дека оваа информација може да се однесува и на лекови кои повеќе не ги користите, како и на лекови кои планирате да ги користите во иднина. Ве молиме информирајте го Вашиот лекар доколку користите или доколку неодамна сте земале некои други лекови, вклучително и лекови кои се издаваат без лекарски рецепт.*

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ METEOSPLASMYL®?
*Вашиот лекар ќе Ве посоветува колку долго ќе го земате лекот Meteosplasmyl®*
Само за возрасни.
Орална употреба.
Една мека капсула 2 до 3 пати дневно при почетокот на оброкот.

**Ако сте земале повеќе од лекот Meteosplasmyl® отколку што би требало**
Доколу сте земале поголема доза од лекот Meteosplasmyl® од потребното, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт!

Никогаш не земајте двојна доза со цел да ја надоместите дозата на лекот која сте ја прескокнале!

## 4. НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА НА ЛЕКОТ
Као и другите лекови и алверинот може да предизвика благи несакани дејства:
- Ретки случаи на уртикарија, со можен едем на ларингс и анафилактичен шок.
- Ретки се промените во функцијата на црниот дроб, кои се нормализираат после прекинувањето на третманот.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

## 5. ЧУВАЊЕ НА ЛЕКОТ METEOSPLASMYL®

Да се чува во оригиналното пакување, заради заштита од влага и светлина, на температура до 25°C.
ЛЕКОТ ДА СЕ ЧУВА НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦА!

**Рок на употреба**
3 години
Лекот не смее да се користи после истекувањето на рокот на употреба означен на пакувањето!

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава само на лекарски рецепт (Р).

**Посебни мерки на уништување на неупотребениот лек**
Неупотребениот лек се уништува во согласност со важечките прописи.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Содржина на активната супстанција:
1 капсула содржи 60mg алверин цитрат и 300mg симетикон.

Содржина на помошните супстанции:
Желатин 167,02mg, глицерол 84,12mg и титаниум диоксид (Е171) 1,86mg.

**Пакување**
20 капсули (блистер 2 x 10) / кутија.

**Производител**
Laboratoires Mayoly Spindler
Avenue de l'Europe, B.P. 51, 78401 Шатоу, Франција.

**Носител на одобрението за промет**
Кемо-Фарм ДООЕЛ, ул. 8 бб, Визбегово, 1000 Скопје, Р. Македонија.

**Број и датум на одобрението за промет**
...

**Датум на последна ревизија на текстот**
Февруари, 2010.